28.11.2011, 17:20

# СЕКОГАШ ТРЕБА ДА НАЈДЕМЕ ВРЕМЕ ЗА ПРИЈАТЕЛИТЕ



**Филип Фидановски**,

керамичар

**Катерина Богоева**

**На публиката и на своите пријатели им приреди навистина пријатно изненадување, завчеравечер, со едновечерната изложба „Време е за...“ во „Галерија 8“. Која е приказната врзана за 24. керамички плочки што формираа круг од голем црно-бел часовник?**

- Самото име на изложбата кажува се'. Во себе ја носи пораката дека секогаш треба да најдеме време за своите блиски пријатели, ако не ги гледаме секојдневно, барем да ги слушнеме по телефон. Убаво е чувството кога знаеш дека некој мисли на тебе.

Плочките со 24. лика образуваат часовник и тоа е времето за... разговор, пиење вино, љубов, шетање, време за сите нешта што го сочинуваат пријателството. Изложбата траеше една вечер, затоа што сакав да им ја посветам на сите мои сакани луѓе, на сите мои пријатели, и на оние што беа на плочките и што не се најдоа таму.

**Како беа создавани малите дела, со портрети од кои личности и зошто ги избра токму нив?**

- Нема посебна причина зашто токму нив сум ги избрал. Имам многу пријатели што не ги ставив на малите дела, но тоа не значи дека тие ми се

Електронско издание



ДЕНОТ НИЗ ФОТОГРАФИИ

НАЈНОВИ ВЕСТИ

- ТРИГЛАВ ОСИГУРУВАЊЕ СО ДОБИВКА ОД 22,3 МИЛИОНИ ЕВРА ГО ПРОДОЛЖУВА ТРЕНДОТ НА ДОБРО РАБОТЕЊЕ
- ОД НЕДЕЛА НОВ ВЛАЖЕН БРАН
- ПРОМОЦИЈА НА НОВИОТ ОБЈЕКТ НА МАКЕДОНСКАТА ФИЛХАРМОНИЈА В НЕДЕЛА СО ЕКСКЛУЗИВЕН КОНЦЕРТ
- ТРАНСМЕТ" НА СЕАД КОЧАН ДОБИ УШТЕ ТЕНДЕР ОД ЕЛЕМ
- СМЕТКОВОДИТЕЛИТЕ СО ТАРИФНИК ЗА МИНИМАЛЕН НАДОМЕСТ ЗА УСЛУГИТЕ

1 2 3 4 5 6 7 8 9 10

12° СКОПЈЕ ВРЕМЕ

Ведро

| ПОН | ВТО | СРЕ | ЧЕТ | ПЕТ |
|---|---|---|---|---|
| 22 | 23 | 20 | 20 | 20 |
| САБ | НЕД | ПОН | ВТО | СРЕ |
| 20 | 22 | 22 | 25 | 26 |

овозможено од Yahoo! Weather

НАЈЧИТАНИ | НАЈКОМЕНТИРАНИ

Малиот Павел се пробуди од вештачката кома

Суспендирани 15 вработени во МВР за инцидентите во Собранието

Уставниот суд се премисли и ја симна забраната за барок на ГТЦ и МОБ

помалку пријатели од оние што ги овековечив во делото. За мене е важна пораката што ја испратив до сите, дека треба да се почитуваме и сакаме. На плочките се најдоа Микица, Игор, Вики, Берта, Циа, Анастасија, Весна, Васил, Зинка, Фабијан, Оле, Славе, Опи, Јулија, Тања Б. Биба, Бен, Гордана, Драган, Дивна, Сандра, Драшко, Тања Т.

**Подолг период не си се претставил со изложба во земјава, но твоето име е поврзано со низа ликовни случувања, но и со културни. Што се' работиш и најчесто со кого?**

- Се немав претставено пред публиката со самостојна изложба од 2006 година. Едноставно сакав да си дадам еден мал одмор и да им дадам време на идеите што ги имав да созреат за да ги покажам онака како сум ги замислил. Но, за време на изминатиот период бев присутен на македонската ликовна сцена како учесник на изложби, како организатор на дел од нив. Работам од се' по нешто, дел во уметничкото училиште и надвор од наставните активности поврзани со него, дел за ДЛУМ и за „Галерија 8“.

**Како професор во ДУПУ „Лазар Личеноски“, на што ги подучуваш учениците говорејќи им за начинот на кој уметниците треба да го градат својот творечки пат?**

- Предавам дизајн на керамика, порцелан и на стакло, или индустриска керамика. Бидејќи младите таленти треба да излезат од тоа училиште како дизајнери, се обидувам да ги воведам во размисли за сите аспекти од животот и да ги научам на практично и на реално размислување и творештво.

Статијата е прочитана 1058 пати.

Препорачај Биди прв од твоите пријатели кој би го препорачал ова.
Сподели

Испрати коментар

ОСТАНАТИ ВЕСТИ

По ваш вкус - Мафини од кокос и малини
Што прават денеска
Моделката и Сил сакаат да посвојат дете
Мисли дека воопшто не е убава
Автомобили - На чекор до „пасат“

Deutsche Welle
- Пипа кажа „Да“
- Моја Европа: Германско - полско помирување 2.0
- Германија: Еден милион слободни работни места

период од-до 2006 - 2014

Утрински весник

ONLINE ИЗДАНИЕ
Вести
Магазин
Спорт
Култура

ПЕЧАТЕНО ИЗДАНИЕ
Политика
Македонија
Економија
Хроника
Коментари
Свет
Култура
Спорт
Скопје
Забава
Хороскоп

ПРИЈАТЕЛИ
Дневник
Вест
Теа Модерна
Огласник 24

МАРКЕТИНГ
POWERED BY nextsense

РЕДАКЦИЈА
ул. "Васил Ѓоргов" бр.16, четврти кат
Тел. 3236 900
Факс. 3236 901
E-mail: contact@utrinski.com.mk

© 2006-2014 Утрински весник, сите права задржани